# ООУ „НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА-ДУЊА“
## Кисела Вода,Скопје




# ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО
## за период 2022-2024 година
## АВГУСТ 2024 ГОД.

| | |
|---|---|
| Период на самоевалуација | 2022 – 2024 година |
| Вид на училиште | Основно општинско училиште |
| Основач на училиштето | Општина Кисела Вода |
| Наставен јазик | Македонски јазик |
| Претстадател на Училишен одбор | Катерина Величкова |
| Директор на училиштето | Наталија Делева |
| Адреса на училиштето | ул. „Михаил Чаков“ бр.2, Кисела Вода, Скопје |
| Телефон | 02/ 2776-230 |
| Електронска пошта | ngeorgievadunja@gmail.com<br>ou-nevenageorgievadunja-kiselavoda@schools.mk |
| Веб страна на училиштето | www.nevenageorgievadunja.edu.mk |

# ВОВЕД

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на работата и постигнувањата со единствена цел, унапредување на воспитно – образовната дејност и обезбедување квалитет во работата на училиштето. Самоевалуацијата како метод за оценување на работата на образовните институции овозможува да се согледаат силните страни (позитивни аспекти), да се идентификуваат слабостите и да се одредат приоритетните подрачја и стратегиите за подобрување. Затоа, целта на самоевалуацијата е објективно утврдување и постојано подобрување на квалитетот на работата на воспитно-образовната институција што во суштина овозможува систематско управување со развојот. Интерното оценување и овозможува на воспитно-образовната институција да создаде појасна слика за сопствената работа, објективно да го рангира квалитетот на својата работа, да ги утврди и да ги унапредува сопствените силни страни, да ги препознае сопствените недостатоци и да работи на нивно отстранување или минимизирање, да се подигне свеста кај сите вработени дека се директно вклучени и одговорни за постигнување на потребниот квалитет и да овозможи креирање на јасен план за натамошно унапредување на работата.

## НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Врз основа на Законот за основното образование(Сл. весник на РСМ бр. 103/19) член 129 и член 130 и врз основа на ревидираните индикатори за квалитет на работата на училиштата изготвени од МЦГО и ДПИ. Општинското основно училиште „ Невена Георгиева-Дуња“, Кисела Вода, Скопје, изврши самоевалуација на работата на училиштето за период 2022-2024 година. За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 18.03.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

| | **Комисија за спроведување на самоевалуацијата на училиштето** | |
|---|---|---|
| | | |
| **1.** | Калина Спироска | педагог |
| **2.** | Емилија Ајтовски | специјален едукатор и рехабилитатор |
| **3.** | Билјана Велковска-Зиковска | предметен наставник |
| **4.** | Андријана Димитриевска Велкоска | предметен наставник |
| **5.** | Мирко Трајковски | родител |

Самоевалуацијата беше спроведена за периодот 2022-2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| ПОДРАЧЈЕ | НОСИТЕЛИ |
|---|---|
| **Планирање,настава и учење** | Координатор : Ирена Христовска |
| | Членови |
| | Петранка Здравковска |
| | Емилија Ајтовски |
| | Светлана Малзаркова |
| | Катерина Радониќ Стојановска |
| | Драгана Ончевска Ковачева |
| | Елена Дуковска |
| **Постигања на учениците** | Координатор : Весна Цветановска |
| | Членови |
| | Даниела Ѓуревска |
| | Славица Петревска |
| | Лилјана Карпузовска |
| | Анета Димеска Стојанов |
| | Ивана Јовановска |
| | Тони Патровски |
| **Училишна клима и односи во училиштето** | Координатор : Биљана Митаноска |
| | Членови |
| | Јагода Јовевска |
| | Калина Спироска |
| | Сашо Андонов |
| | Маја Трајковиќ |
| | Зорица Атанасовски |
| | Билјана Говска |
| **Управување, раководење и креирање политики** | Координатор : Ана Малиминова |
| | Членови |
| | Нина Стојановска |
| | Виолета Микулец |
| | Марија Јовановска |
| | Александар Неделковски |
| | Марко Шајновски |
| | Ацо Станковски |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето. Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Подрачјето се фокусира на систематско подобрување на пристапот до ресурси, методологии, и инклузивноста во наставниот процес, со цел постигнување повисок квалитет на образование и поддршка за сите ученици. Следниве активности и препораки се предложени:<br>**Подобрување на пристапот до ресурси:** Училиштето ќе инвестира во дополнителни дигитални и материјални ресурси кои ќе го олеснат планирањето и реализацијата на наставата, како и во асистивни технологии за поддршка на учениците со посебни образовни потреби.<br>**Редовна ревизија на планирањата:** Препорачливо е наставните планови да се ревидираат на квартално ниво, за да се осигура нивната релевантност и ефективност.<br>**Зголемување на учеството во отворени часови:** Планирано е да се зголеми бројот на отворени часови, каде наставниците ќе споделуваат искуства и методи, што ќе поттикне колаборација и размена на добри практики.<br>**Поголема колаборација меѓу наставниците:** Потребно е да се поттикне поголема соработка меѓу наставниците од различни предмети преку организирање тимски средби и интердисциплинарни проекти.<br>**Следење на реализацијата на наставата:** Препорачливо е да се воведат дигитални платформи за следење на напредокот на учениците и реализацијата на наставните планови во реално време.<br>**Зголемување на транспарентноста и вклученоста:** Училиштето ќе продолжи да работи на зголемување на транспарентноста и учеството на учениците во процесот на донесување одлуки, преку редовни анкети, средби и интерактивни активности.<br>**Поддршка за менталното здравје:** Инвестиција во програми за поддршка на менталното здравје на учениците, со цел да се обезбеди здрава и поддржувачка училишна средина.<br>**Инклузивност и меѓуетничка интеграција:** Ќе се зголеми бројот на активности за меѓуетничка интеграција и вклученост на учениците, со редовна евалуација на постигнатите резултати.<br>**Евалуација и подобрување на наставните методи:** Редовна ревизија и евалуација на наставните методи базирана на повратните информации од учениците и родителите, со цел постојано унапредување на наставниот процес.<br>**Ученичката вклученост:** Учениците активно учествуваат во организацијата и реализацијата на воннаставни активности и натпревари, преку развивање на формални механизми за собирање на идеи и предлози. |

| |
|---|
| **Силни страни**<br>**Редовни средби и поддршка за наставниците:**<br>Училиштето организира редовни формални и неформални состаноци за поддршка и следење на планирањата на наставниците. Ова вклучува дискусии, споделување на добри практики и менторство, особено за новите наставници.<br>**Инклузивност и прилагодливост:**<br>Индивидуалните образовни планови (ИОП) за учениците со посебни потреби се прилагодени на нивните способности, што осигурува дека добиваат соодветна поддршка.<br>Училиштето активно промовира инклузивност, со внимание на учениците од различен пол и јазик на наставата, на учениците со посебни потреби, надарените и талентираните ученици.<br>**Широка вклученост на учениците:**<br>Учениците се активно вклучени во планирањето и реализацијата на вонннаставни активности и натпревари, што помага во нивниот развој на лидерски вештини и лични интереси.<br>**Интерактивност и иновации во наставата:**<br>Училиштето користи разновидни методи на наставата, вклучувајќи и проекти, дебати, и интеграција на икт, што ја поттикнува интеракцијата меѓу учениците и наставниците. |
| **Слаби страни**<br>**Потреба за дополнителни ресурси:**<br>Недостаток на дигитални и материјални ресурси кои би го олесниле планирањето и реализацијата на наставата. Потребна е инвестиција во нови технологии и асистивни алатки.<br>**Недоволно учество и колаборација:**<br>Потреба за зголемување на учеството на наставниците во отворени часови и подобрување на колаборацијата меѓу наставниците од различни предмети, со што ќе се подигне мотивацијата, идеите, новините, добрите практики на подготовка и реализација на активности кои ќе го имаат приматот часови со диференциран пристап, меѓупредметна интеграција, интердисциплинарност и др.<br>**Потреба за континуирана евалуација и прилагодување:**<br>Иако училиштето редовно следи и оценува различни аспекти од наставниот процес, постои потреба за почеста ревизија на наставните планирања (програмите) за да се обезбеди нивна актуелност и ефективност. |
| **Приоритети**<br>Инвестиција во дигитални и друг вид ресурси и алатки за наставниците и учениците.<br>Поттикнување на поголема колаборација меѓу наставниците и зголемување на учеството во отворени часови.<br>Редовна ревизија на наставните планирања (програми). |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Нашето училиште ги следи постигањата на учениците, по сите наставни предмети во текот на целата учебна година, за сите квалификациски периоди, по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Училиштето води целосна и уредна евиденција за постигањата на учениците со податоци за напредокот на истите, добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците по сите наставни предмети. Училиштето има формирано тимови кои успешно ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост и соодветно изготвува програми. Надарените и талентираните ученици добиваат поддршка со вклучување во воннаставни активности, учество во слободни ученички активности, како и редовно учество на конкурси и натпревари организирани од училиштето, општината и од МОН и постигнуваат солидни резултати. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период преку евидентните листови за постигнатиот успех на родителските средби, на приемните денови на наставниците, како и на информативниот ден на училиштето кој се одржува секоја последна среда во месецот. Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Во текот на целата наставна година се врши следење на редовноста на учениците и по потреба се преземаат мерките пропишани со Законот за основно образование и за сето тоа се води евиденција за редовност која стои во документацијата на педагогот. Според анализите во секој квалификационен период, редовноста на учениците задоволува,со исклучок на индвидуални случаеви. Отсуствата се најчесто оправдани со медицински белешки, најголемиот број изостаноци се прават во сезоната на грипови. Стручните соработници се вклучуваат со советување на учениците/родителите се со цел подобрување на редовноста кај учениците. Во нашето училиште систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците.Наставниците користат методи и стратегии за подобрување на успехот на учениците, но и дополнување на пропуштените знаења во текот на учебната година. Постои тренд за подобрување на резултатите од дополнителната настава следејќи го ученикот од неговата иницијална состојба, па се до повисоките одделенија, за што секое дете има од почетокот свое портфолио од каде наставникот го согледува напредувањето на ученикот во текот на годината.Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишување во прво одделение и во текот на учебната година преку опсервација во воспитно-образовниот процес. Од страна на педагогот и специјалниот едукатор и рехабилитатор, дадени се насоки за работа со деца со посебни образовни потреби. Исто така кога ќе се детектираат потешкотиите кај учениците, стручната служба ги повикува и упатува родителите на тие ученици на проценка во МКФ со цел да се дефинираат целите на поддршка во согласност со развојните карактеристики и потребите на учениците. Наставниците во чии одделенија има деца со посебни образовни потреби изготвуваат ИОП во соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор, педагогот, родителот, образовен или личен асистент и други стручни лица. Во ИОП се планираат прилагодени наставни содржини, стратегии и техники и дидактички материјали кои ќе се применуваат во воспитно-образовниот процес со цел да се остварат планираните цели.

| |
|---|
| **Силни страни**<br><br>**Следење на постигањата**: Училиштето редовно ги следи постигањата на учениците во сите предмети и квалификациски периоди. Наставниците користат разработени критериуми и инструменти за следење и оценување на успехот, што овозможува прецизна евалуација на напредокот на учениците.<br><br>**Идентификација и поддршка**: Постојат ефективни процедури за идентификација на ученици со потешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби, и надарени и талентирани ученици. Овие групи добиваат соодветна поддршка преку индивидуални образовни програми (ИОП) и дополнителна настава.<br><br>**Информирање на родителите**: Училиштето има систематски пристап за информирање на родителите за постигањата и редовноста на учениците, преку родителски средби, евидентни листови и информативни денови.<br><br>**Соработка со стручни служби и институции**: Постои континуирана соработка со стручните соработници, родителите, и релевантни институции како Заводот за ментално здравје и Комисијата за Меѓународна класификација на функционалности. |
| **Слаби страни**<br><br>**Недостаток на техничка поддршка**: Недоволна техничка поддршка за учениците во училиштето, што може да го ограничи квалитетот на наставата и развојот на учениците.<br><br>**Ограничени ресурси за практична настава**: Училниците не се целосно опремени со нагледни средства за практична настава, што го намалува квалитетот на воспитно-образовниот процес и не го поддржува доволно доживотното учење. |
| **Приоритети**<br>**Подобрување на техничката поддршка:** Обезбедување на соодветна техничка поддршка и ресурси за учениците во наставата, со цел да се зголеми квалитетот на наставата и да се поддржи индивидуалниот развој на секој ученик.<br><br>**Опремување на училниците со нагледни средства:** Опремување на училниците со современи нагледни средства и материјали за практична настава, што ќе овозможи поефективно и интерактивно реализирање на воспитно-образовниот процес и развивање на трајни знаења и вештини кај учениците. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигнувања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Во училиштето се реализираат специфични вонnаставни активности по кои е препознатливо во средината.

Училиштето има изградено систем на промовирање на постигнувањето на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката средина. Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури, како и процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување.

Во училиштето постои професионлна соработка меѓу вработените. Раководниот, наставниот кадар останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосвера во училиштето. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Се применува правилникот за изрекување педагошки мерки и тимот за подршка работа за надминување на проблемот поради кои е изречена педагошка мерка. Во училиштето функционира Ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето и Ученички правобранител. Учениците члениви на Ученичкиот парламент редовно се поканувaат и присиуствуваат на состаноци на Училиштен одбор, Совет на родители, Наставнички совет.

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознаат со Правата на децата. Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите. Училиштето превзема активности за вклучивање на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности, акции и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Училиштето има протокол во кој се дефинирани и по кој постапува за сите облици на насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Во училишната зграда на видни места, има истакнато знаци за забрана од пушење, но и за забрана за внесување и конзумирање на алкохол и наркотични средства .

Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.Тоалетите се чисти во секое време од денот. Скалите, подот во училниците и останатиот училишен простор редовно се чистат на секој одмор, мебелот еднаш во неделата, а прозорците, вратите и другиот инвертар повеќе пати во секое полугодие.

Дворот на училиштето е чист, но недоволно хортикултурно уреден. Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува процедура за заштита од нејзино ширење.

Сите вработени и ученици вршат систематски прегледи. Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.

Училиштето ги идентификува и обезбедува материјалните средства за учениците од социјално загрозени семејства во соработка со општината. Реализација на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции. Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционалните тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции. Во училиштето се спроведуваат активности за социо/емоционално учење.

Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и корисни промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.

**Силни страни**

**Репутација во локалната заедница:** Училиштето е препознатливо во локалната средина како институција која промовира високи постигнувања, редовност и дисциплина на учениците, и успешно соработува со локалната заедница.

**Функционирање на Ученички парламент:** Училиштето има активно вклучување на учениците преку Ученичкиот парламент, кој овозможува учениците да бидат информирани и вклучени во донесувањето одлуки кои ги засегаат.

**Почитување на правата на децата:** Сите вработени се свесни за својата улога и одговорност во заштитата на правата на децата, а училиштето редовно организира активности за запознавање на родителите со овие права.

**Поддршка за учениците:** Училиштето обезбедува поддршка за учениците од социјално загрозени семејства, како и за учениците со посебни потреби, преку соработка со релевантни институции и обезбедување образовни асистенти.

**Слаби страни**

**Недостаток на кадар во стручната служба и техничкиот персонал:** Недоволен број на стручни соработници (психолог, социјален работник) и технички персонал (хигиеничар), што може да го ограничи квалитетот на поддршката за учениците и реализацијата на воспитно-образовниот процес.

**Недостаток на ревизија на кодексите на однесување:** Постојниот кодекс на однесување би требало редовно да се ревидира и ажурира, со вклучување на сите засегнати страни (наставен кадар, ученици, родители, технички персонал) за да се осигура дека останува релевантен и ефикасен.

**Недоволно хортикултурно уредување на училишниот двор:** Иако училишниот двор е чист, тој е недоволно хортикултурно уреден, што би можело да придонесе за подобра училишна средина.

**Приоритети**

**Обезбедување на дополнителен стручен кадар и технички персонал:** Зголемување на бројот на стручни соработници, како што се психолог и социјален работник, и обезбедување на доволен број хигиеничари, со цел подобрување на поддршката за учениците и одржување на високите стандарди на хигиена во училиштето.

**Редовно ажурирање на кодексот на однесување:** Воведување на систем за редовна ревизија и ажурирање на кодексот на однесување во училиштето, со вклучување на сите релевантни субјекти (ученици, наставници, родители, и технички персонал), со цел осигурување на неговата релевантност и ефикасност.

**Интегрирање на учениците во процесите на донесување одлуки:** Јакнење на улогата на Ученичкиот парламент и другите форми на ученичко учество, со цел да се осигура дека учениците се активно вклучени во процесите на донесување одлуки и имаат влијание врз одлуките кои ги засегаат.

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика

**Опис/резиме на подрачјето**

Училишниот одбор е колективен орган на управување. Го сочинуваат 7 членови: 3 претставници од наставниците, 3 претставници од Советот на родители, 1 претставник назначен од основачот. Училишниот одбор е орган на управување во чија работа учествува и директорот.

Училишниот одбор работи и одлучува на седници кои се свикуваат по потреба, а по иницијатива на: Претседателот на УО, на барање на директорот и на барање на најмалку 1/3 од членовите на УО.

Работата на УО е регулирана со Деловник за работа кој го усвојува Одборот на седница, односно со секое конституирање на нов состав се усвојува и Деловник за работа.

Училишниот одбор води записник за својата работа и во него се внесуваат сите важни елементи од седницата како и донесените одлуки и заклучоци.

Записниците се усвојуваат на следната седница , а потоа се заведува во деловодникот. Усвоениот и заведен записник од седницата претставува правна основа за постапување како на Училишниот одбор така и на директорот, стручните служби, наставниците и другиот персонал во училиштето.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите искази кои се однесуваат на работата на директорот, раководењето, креирање на училишна политика и развојно планирање членовите на Училишниот одбор го оцениле како многу позитивно односно целосно се согласувам.

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.

Библиотеката е место каде учениците можат да земаат книга, во пријатна атмосфера.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници согласно норматив. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Секогаш се постапува согласно Законот за основно образование. Доколку нема стручни соодветни лица регистрирани во АВРМ, по добиена согласност од МОН, се распишува оглас.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Секој наставник задолжително посетува обуки од страна на  БРО и индивидуални обуки.

Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Училиштето нема воспоставено механизам за наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат. Усната пофалба се истакнува на наставнички совет. Во следниот период ќе се направат механизми за наградување и наставниците кои покажуваат особен интерес и резултати во работата.

Процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето се спроведува во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Правилници и акти кои ги носи МОН и насоки кои училиштето ги добива од БРО. Училиштето има своја политика поврзана со дисциплината и поведението на учениците, според Кодекс на однесување на учениците, Правилник за изрекување педагошки мерки, Кодекс на однесување за вработените.

Училиштето е отворено за иницијативи покренати од ученици, родители, образовниот кадар и локалната средина. По разгледување на истите се донесуваат соодветни одлуки. За училишните политики се информирани сите субјекти, преку родителски средби, наставнички совети, известувања и огласи на огласна табла. Во училиштето се применуваат следните работи: правилен физички развој кај учениците, негување на мултикултурализмот и мултиетничност во РСМ, поттикнување емоционален и социјален развој кај учениците, развивање самостојност, креативност, интерес за знаења и способности за учење, воспитување на учениците и почитување на основните слободи и права на човекот за живеење во демократска заедница.

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Соработката помеѓу нив е солидна.Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, постигнувањата на учениците, како и на развојот на училиштето во целина.

**Силни страни**

**Функционалност и соработка на Училишниот одбор:** Училишниот одбор функционира ефикасно и има воспоставено партнерски однос со раководството на училиштето и другите училишни структури. Донесените одлуки се транспарентни и соодветно документирани, што овозможува добро управување и координација.

**Информирање и вклучување на сите учесници:** Училиштето обезбедува јасни и навремени информации за сите учесници во образовниот процес, вклучувајќи наставници, ученици и родители. Ова се остварува преку различни канали на комуникација, вклучувајќи родителски средби, наставнички совети, и дигитални платформи.

**Транспарентност и отчетност:** Финансиските планови и трошењето на буџетот се транспарентни и достапни за сите релевантни страни, а буџетските приоритети се усогласени со образовните цели на училиштето.

**Слаби страни**

**Недоволен број на стручни соработници**: Училиштето нема комплетен тим на стручни соработници, особено недостигаат психолог и социјален работник, што го ограничува капацитетот за поддршка на учениците.

**Недоволен простор и ресурси во училишната библиотека**: Иако библиотеката е достапна за учениците, таа нема доволно простор за читална, што ја ограничува нејзината функционалност како место за учење и истражување.

**Приоритети**

**Зајакнување на тимот на стручни соработници:** Обезбедување на дополнителен кадар, вклучително психолог и социјален работник, со цел да се зголеми поддршката за учениците и да се подобри севкупниот квалитет на воспитно-образовниот процес.

**Проширување и подобрување на училишната библиотека:** Зголемување на просторот и капацитетот на училишната библиотека, вклучително создавање на читална и обезбедување нови материјали и инвентар, со цел да се овозможи подобар пристап до ресурси за учениците.

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

Во текот на процесот на самоевалуација, училиштето има за цел систематско вреднување на својата работа и поставување на темели за постојано унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата овозможува да се идентификуваат силните и слабите страни на училиштето, како и да се дефинираат приоритетите за идниот развој. Врз основа на овие сознанија, потребно е да се преземат конкретни мерки кои ќе придонесат за подобрување на образовната средина, зголемување на квалитетот на наставата и обезбедување соодветна поддршка за учениците и наставниците. Следните мерки се изработени врз основа на анализата на постигнувањата, приоритетите и тековните предизвици со кои се соочува училиштето.

1. **Подобрување на дигиталните и материјалните ресурси**
   - **Мерка**: Инвестиција во нови технологии и асистивни алатки, како што се интерактивни табли, таблети и софтвер за поддршка на учениците.
2. **Поголема колаборација и ревизија на наставните планови**
   - **Мерка**: Подобрување на тимската соработка преку хоризонталното учење, секаков вид на средби и состаноци за размена на идеи, добри практики Редовна квартална ревизија на наставните планови за да се осигура нивната ефективност.
3. **Професионален развој на наставниот кадар**
   - **Мерка**: Организирање обуки за приоди и стратегии за диференцирано учење и инклузивно образование.
4. **Поддршка на менталното здравје на учениците**
   - **Мерка**: Зајакнување на стручната служба со стручни соработници (психолог и социјален работник) за поддршка на учениците.
5. **Опремување на училниците со нагледни средства**
   - **Мерка**: Опремување на училниците со современи наставни материјали за интерактивна и практична настава.
6. **Подобрување на уилишната библиотека**
   - **Мерка**: Проширување на библиотеката со читална и обезбедување нови книги и ресурси за учениците.

**7.Подобрување на училишната клима и односи во училиштето**
- **Мерка:** Ревидирање на постоечкиот кодекс за однесување во училиштето

Овие мерки ќе овозможат системско унапредување на училиштето преку подобрување на ресурсите, колаборацијата и унапредување на наставниот процес, како и поддршка на учениците и наставниците.

Комисијата, извештајот од извршената самоевалуација на училиштето го достави до Училишниот одбор, Директорот на училиштето и до основачот на истото.

Комисија за спроведување на самоевалуацијата :

Калина Спироска-педагог

Емилија Ајтовски-специјален едукатор и рехабилитатор

Билјана Велковска-Зиковска-предметен наставник

Андријана Димитриевса Велковска-предметен наставник

Мирко Трајковски-родител